# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

## Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15 и 150/15), во членот 130 став 5 се менува и гласи:

„Заводот за социјални дејности донесува решение за издадена, продолжена, обновена и одземена лиценца за работа, врз основа на одлука на Комисијата за лиценцирање."

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Против решението од ставот 5 на овој член може да се изјави жалба до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението."

## Член 2

Во членот 131-г став 3 зборот ,,еднаш" се заменува со зборот ,,двапати".

Во ставот 5 по зборот ,,одлучува" се додаваат зборовите: ,,најмалку 30% од", а по зборот ,,отстранети" се додаваат зборовите: ,,и заменети со нови".

Во ставот 9 по зборовите: „социјални дејности" се додаваат зборовите: „за што директорот на Заводот определува одговорно лице, кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот".

По ставот 9 се додава нов став 10, кој гласи:

„На одговорното лице од ставот 9 на овој член за секој спроведен стручен испит му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение."

## Член 3

Во членот 131-д став 3 се менува и гласи:

„Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за труд и социјална политика и Јавниот радиодифузен сервис."

Ставот 4 се брише.

Ставовите 5 и 6 стануваат ставови 4 и 5.

## Член 4

Во членот 131-ѓ став 2 се брише.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

По ставот 3 се додаваат пет нови става 4, 5, 6, 7 и 8, кои гласат:

„На преставниците од ставот 3 на овој член за секој одржан испит им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение.

Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на стручниот испит.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на

електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за труд и социјална политика најдоцна во рок од 15 дена од завршување на стручниот испит."

**Член 5**

Во членот 131-е став 4 зборовите: „став 4" се заменуваат со зборовите: „став 3".
Во ставот 7 по зборот „термин" се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на испитот за стекнување на лиценца во траење од три години, за што заводот за социјални дејности донесува решение против кое може да се изјави жалба до Министертсвото за труд и социјална политика во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Против решението на Министерството за труд и социјална политика може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението."
Во ставот 8 зборовите: „став 4" се заменуваат со зборовите: „став 3".

**Член 6**

Во членот 131-ј ставови 6 и 7 се менуваат и гласат:
"Комисијата од ставот 5 на овој член по секој одржан испит врши ревизија на спроведување на испитот, за што доставува извештај до министерот за труд и социјална политика.
На членовите на комисијата од ставот 5 на овој член им следува паричен надоместок кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение."

**Член 7**

Членот 256-а се менува и гласи:
„Глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице од членот 131-г став 9 од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од членот 130-а од овој закон.
Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 131-ѓ од овој закон, ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членот 131-е ставови 2, 3 и 4 од овој закон.
Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот, кој постапува спротивно на членот 131-е ставови 2, 3 и 4 од овој закон.
Глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од членот 131-ј став 5 од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведување на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за труд и социјална политика."

**Член 8**

Членот 256-б се менува и гласи:
"Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 131-ѓ став 5 од овој закон, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот."

**Член 9**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија”.